# НАСТАВНА ПРОГРАМА

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Биро за развој на образованието
СКОПЈЕ

| Примено: 28. 10. 2009 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 07 | 11 218 | | |

Скл. 0705

# ФЛЕЈТА, ОБОА, КЛАРИНЕТ И САКСОФОН

ОСНОВНО МУЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ

ШЕСТГОДИШНО ОСНОВНО МУЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ

Скопје, 2009

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/00, 44/02 и 82/08) и член 31 од Законот за основно образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 103/08), министерот за образование и наука ја утврди Наставната програма по предметот ***флејта, обоа, кларинет, саксафон*** за шестгодишно основно музичко образование.

## 1. ВОВЕД

Во шестгодишното основно музичко училиште на инструментите флејта, обоа, кларинет и саксофон можат да се запишат ученици кои наполниле од 8 до 10 години.

Целта на наставата по флејта, обоа, кларинет и саксофон е на учениците да им се развие љубов кон инструментот и музиката, да се оспособат за изразно солистичко, камерно и оркестарско музицирање, естетско и емоционално вреднување на музичките дела поткрепени со музички знаења по однос на нивната содржина и форма. Учениците се обучуваат и стекнуваат знаења, навики и вештини за изведување на музичките дела и се оспособуваат за самостојна работа на инструментите флејта, обоа, кларинет и саксофон. Наставната програма за овие инструменти е да се оспособи ученикот технички да го совлада инструментот за понатамошно школување во средните и високите музички школи и да се изгради во добар сестран уметник.

Наставата се изведува индивидуално. На крајот на учебната година секој ученик полага годишен испит.

- Неделниот фонд е 2 часа по 30 минути, односно годишен фонд - 72 часа.
- Статус на предметот: задолжителен.

## 2. ЦЕЛИ НА ПРЕДМЕТИТЕ ЗА РАЗВОЈНИОТ ПЕРИОД II –VI одд.

Ученикот/ученичката:
- да се запознае со инструментот и неговите карактеристики и изразни можности;
- да усвои потребни знаења за мелодиско и ритмичко читање и свирење на нотен текст;
- да научи да свири скали-дурски и молски во една две и повеќе октави;
- да ги запознае и проширува знаењата за изразните можности на инструментот;
- да се здобие со искуство за свирење на нотен текст со посложена ритмичко-мелодиска и хармонска структура;
- да стекне потребни знаења за правилна стилска интерпретација на музиката;
- да се оспособува за соло, камерно и оркестарско музицирање;
- да развива способности за доживување и изразување на музиката;
- да развива интерес кон инструментот и музиката;
- да развива љубов и интерес за изразување и доживување на музичкиот фоклор;
- да го развива музичкиот вкус и критичкото мислење;
- да биде информиран за истакнати музички уметници и творци во земјата и странство;
- да придонесува за збогатување на емоционалниот живот;

- да придонесува за негување на култивиран пријатен тон и чиста интонација;
- да придонесува за формирање на личност со позитивни лични одлики;
- да придонесува за развивање на музичката меморија;
- да придонесува за прифаќање и доживување на убавото во музиката;
- да стекнува љубов кон класичната музика;
- да ја доживее убавината на музиката;
- да формира навика и потреба за посета на концерти, оперско-балетски претстави и други музички приредби;
- да формира работна култура;
- да стекнува сознанија за музичката култура на своето опкружување;
- да ја развива креативноста;
- да препознава нотен текст, музички термини и ознаки;
- да развива способност за прецизно интонирање на тонска висина;
- да знае да репродуцира нотен текст (ритмички и мелодиски);
- да го развива внатрешниот слух;
- да ја развие музичката меморија и вниманието;
- да стекне самодоверба во изведувањето на музичкиот текст;
- да го открива и почитува сопственото музичко изразување и да го почитува музичкото изразување на другите;
- да се поттикнува за работа во пар и во група;
- да ги разбира и прифаќа правилата на однесувањето во индивидуалните и во колективните музички активности.

## 3. ЦЕЛИ НА НАСТАВАТА ПО ФЛЕЈТА ВО II ОДДЕЛЕНИЕ

Ученикот/ученичката:

- да ја препознава и разликува бојата на флејта од другите инструменти;
- да се запознае со флејтата и нејзините карактеристики и изразни можности;
- да развие способност за произведување на тон со помош на усник;
- да ја совлада техниката на дишење со помош на дијафрагма;
- да се запознае со основните функции на левата и десната рака при свирење;
- да зазема правилно држење на телото при свирењето;
- да се запознае со цели, половини, четвртини, осмини ноти, а по можност и со шеснаестини ноти;
- да ја запознае техниката на свирење скали во целиот опсег на флејта од ***C1*** до G3;
- да ја запознае техниката на изведување Атака;
- да ја развие синхронизацијата на прстите, јазикот и дишењето;
- да ја развие способноста за свирење на различните техники на артикулација: легато, стакато, портато, тенуто и др.
- да развива способност за свирење мелодии и песни со разновидна ритмичко-мелодиска линија;
- да придонесува за негување на култивиран пријатен тон и чиста интонација;
- да развива способност за прецизно интонирање на тонска висина;
- да развива способност за следење интонација од инструмент;
- да развива музичка меморија;
- да покажува интерес за слушање музика, посета на концерти и други приредби;
- да се оспособува за активно, внимателно слушање на музиката;
- да развива чувство за музичка изразност;
- да развива чувство за ритам;
- да развива интерес за изведување на спонтани импровизации на кратки музички мотиви.

## ЦЕЛИ НА НАСТАВАТА ПО ОБОА ВО II ОДДЕЛЕНИЕ

Ученикот/ученичката:

- да ја препознава и разликува бојата на обоата од другите инструменти;
- да се запознае со обоата и нејзините карактеристики и изразни можности;
- да развие способност за произведување на звук на писокот за обоа;
- да се запознае со основните функции на левата и десната рака при свирење;
- да научи да зазема правилно држење на телото при свирењето;
- да се запознае со цели, половини, четвртини, осмини ноти, а по можност и со шеснаестини ноти;
- да ја запознае техниката на свирење скали во опсег на обоата од ***б*** до ***Ц3***;
- да зазема правилно држење на телото при свирењето;
- да ја совлада техниката на поставување на амбажурот;
- да ја совлада техниката на дишење со помош на дијафрагма;
- да ја запознае техниката на изведување Атака;
- да ја развие синхронизацијата на прстите, јазикот и дишењето;
- да ја развие способноста за свирење на различните техники на артикулација: легато, стакато, портато, тенуто и др.
- да развива способност за свирење мелодии и песни со разновидна ритмичко-мелодиска линија;
- да придонесува за негување на култивиран пријатен тон и чиста интонација;
- да развива способност за прецизно интонирање на тонска висина;
- да развива способност за следење интонација од инструмент;
- да развива музичка меморија;
- да покажува интерес за слушање музика, посета на концерти и други приредби;
- да се оспособува за активно, внимателно слушање на музиката;
- да развива чувство за музичка изразност;
- да развива чувство за ритам;
- да стекнува умеење да следи ритам;
- да развива интерес за изведување на спонтани импровизации на кратки музички мотиви.

## ЦЕЛИ НА НАСТАВАТА ПО КЛАРИНЕТ ВО II ОДДЕЛЕНИЕ

Ученикот/ученичката:

- да ја препознава и разликува бојата на кларинетот од другите инструменти;
- да се запознае со кларинетот и неговите карактеристики и изразни можности;
- да развие способност за произведување на тон со помош на усник;
- да ја совлада техниката на дишење со помош на дијафрагма;
- да се запознае со основните функции на левата и десната рака при свирење;
- да зазема правилно држење на телото при свирењето;
- да се запознае со цели, половини, четвртини, осмини ноти, а по можност и со шеснаестини ноти;
- да ја запознае техниката на свирење скали во целиот опсег на кларинетот од ***е*** до ***Г3***;
- да ја запознае техниката на изведување Атака;
- да ја развие синхронизацијата на прстите, јазикот и дишењето;
- да ја развие способноста за свирење на различните техники на артикулација: легато, стакато, портато, тенуто и др.
- да развива способност за свирење мелодии и песни со разновидна ритмичко-мелодиска линија;
- да придонесува за негување на култивиран пријатен тон и чиста интонација;
- да развива способност за прецизно интонирање на тонска висина;
- да развива способност за следење интонација од инструмент;
- да развива музичка меморија;
- да покажува интерес за слушање музика, посета на концерти и други приредби;
- да се оспособува за активно, внимателно слушање на музиката;
- да развива чувство за музичка изразност;
- да развива чувство за ритам;
- да развива интерес за изведување на спонтани импровизации на кратки музички мотиви.
-

## ЦЕЛИ НА НАСТАВАТА ПО САКСОФОН ВО II ОДДЕЛЕНИЕ

Ученикот/ученичката:

- да ја препознава и разликува бојата на саксофонот од другите инструменти;
- да се запознае со саксофонот и неговите карактеристики и изразни можности;
- да развие способност за произведување на тон со помош на усник;
- да ја совлата техниката на дишење со помош на дијафрагма;
- да се запознае со основните функции на левата и десната рака при свирење;
- да зазема правилно држење на телото при свирењето;
- да се запознае со цели, половини, четвртини, осмини ноти, а по можност и со шеснаестини ноти;
- да ја запознае техниката на свирење скали во целиот опсег на саксофонот од ***б*** до ***Ф3***;
- да ја запознае техниката на изведување Атака;
- да ја развие синхронизацијата на прстите, јазикот и дишењето;
- да ја развие способноста за свирење на различните техники на артикулација: легато, стакато, портато, тенуто и др.
- да развива способност за свирење мелодии и песни со разновидна ритмичко-мелодиска линија;
- да придонесува за негување на култивиран пријатен тон и чиста интонација;
- да развива способност за прецизно интонирање на тонска висина;
- да развива способност за следење интонација од инструмент;
- да развива музичка меморија;
- да покажува интерес за слушање музика, посета на концерти и други приредби;
- да се оспособува за активно, внимателно слушање на музиката;
- да развива чувство за музичка изразност;
- да развива чувство за ритам;
- да развива интерес за изведување на спонтани импровизации на кратки музички мотиви.

## 4. КОНКРЕТНИ ЦЕЛИ

| Наставен предмет - **ФЛЕЈТА** - II одделение | | | |
|---|---|---|---|
| Тема I - **ИНСТРУМЕНТ - правилно поставување на ученикот** | | | |
| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
| Ученикот/ученичката:<br><br>-да ги објаснува карактеристиките на флејтата, нејзиниот историјат и употреба;<br>-да демонстрира правилно склопување и расклопување на флејтата,<br>- да објаснува за одржување, чистење и употреба на инструментот;<br>- да демонстрира правилен начин на држење на инструментот;<br>- да покажува правилно стоење на двете нозе;<br>- да покажува како се поставуваат прстите на инструментот;<br>- да демонстрира правилно поставен агол на инструментот во однос на главата и телото;<br>-да демонстрира поставување на амбажурот на устата;<br>-да се приспособува за правилна употреба на дијафрагмата. | - Запознавање со инструментот<br><br>- Држење на инструментот<br><br>- Употреба на дијафрагмата | Инструмент<br><br>Дијафрагма<br><br>Амбажур | **Активност бр. 1**<br>Употреба на огледало во наставата, пр. ученикот се поставува пред големо огледало, за да може да добие појасна слика за поставеноста на рацете, главата и нозете, како и да биде во можност да ги воочува грешките.<br><br>**Активност бр. 2**<br>Употреба на ремен на половината, со цел ученикот да добие јасно чувство на затегнување на дијафрагмата при вдишувањето и олабавување при издишувањето на воздухот.<br><br>**Активност бр. 3**<br>Употреба на столче како помошно средство при вдишувањето, т.е. ученикот седнува на столчето, се наведнува напред со главата кон колениците седејќи и во таква положба вдишува воздух. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | **Активност бр. 4**<br>Употреба на огледало во наставата, т.е. ученикот се поставува пред огледало, за да може да добие појасна слика за произведувањето на звукот, преку дување во усникот.<br><br>Метод на демонстрација,<br>монолошки метод,<br>дијалошки метод<br>метод на споредба,<br>метод на обиди и грешки. |
| Тема II - **Технички вежби** | | | |
| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
| Ученикот/ученичката:<br><br>-да се приспособува за техниката на свирење на инструментот;<br>- да се приспособува за контрола на дишењето;<br>-да ги препознава и употребува различните техники на артикулација на тонот (легато, стакато, портато, тенуто и др.);<br>-да демонстрира свирење на триолски движења и пунктирани ноти;<br>-да го идентификува чуството за метро-ритмичка пулсација и | - Тонски вежби<br><br>- Вежби | Артикулација<br><br>Стакато<br><br>Легато<br><br>Нотни вредности<br><br>Метрика | **Активност бр. 1**<br>Употреба на јазикот како средство за повеќе видови на артикулација.<br><br>**Активност бр. 2**<br>Користење на метроном.<br><br>Метод на демонстрација,<br>монолошки метод,<br>дијалошки метод<br>метод на споредба,<br>метод на обиди и грешки. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| темпо;<br>-да ги демонстрира дадените вежби во соодветно темпо;<br>-да демонстрира правилна интонација. | | | |

| Тема III - **СКАЛИ** | | | |
|---|---|---|---|
| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
| Ученикот/ученичката:<br><br>-да ги препознава тоновите во соодветни скали;<br><br>-да ги демонстрира скалите технички правилно;<br><br>-да презентира легато и портато;<br><br>-да ги демонстрира дадените скали напамет;<br><br>-да ги презентира трозвуците и четворозвуците на соодветните скали. | C-Dur / a-moll<br><br>G-Dur / e-moll<br><br>F-Dur / d-moll | Дурска скала<br><br>Молска скала | **Активност бр. 1**<br>Употреба на скалите во целиот опсег на флејта од ***C1*** до ***G3***.<br><br>**Активност бр. 2**<br>Користење на скалите заедно со своите трозвуци и четворозвуци.<br><br>**Активност бр. 3**<br>Употреба на правилниот прсторед за одделни тонови во некои скали.<br><br>**Активност бр. 4**<br>Од молските скали се користат само хармонските молски скали.<br><br>Метод на демонстрација, монолошки метод, дијалошки метод метод на споредба. |

| Тема IV - **Етиди** | | | |
|---|---|---|---|
| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
| Ученикот/ученичката:<br><br>-да го демонстрира правилно нотниот текст на зададените етиди;<br>-да ја приспособува техниката на свирење на инструментот;<br>-да го приспособува звукот и интонацијата на инструментот;<br>- да ја приспособува контролата на дишењето;<br>- да ја приспособува синхронизацијата на прстите, јазикот и дишењето;<br>-да ги препознава и употребува различните техники на артикулација на тонот: легато, стакато, портато, тенуто и др.<br>-да ги демонстрира дадените етиди во соодветно темпо;<br>-да демонстрира правилна интонација;<br>-да ги демонстрира етидите напамет за развивање на музичката меморија. | - Етиди | Етиди<br><br>Артикулација<br><br>Стакато<br><br>Легато<br><br>Динамика<br><br>Темпо | **Активност бр. 1**<br>Користење на етиди со различен карактер.<br><br>**Активност бр. 2**<br>Користење на метроном.<br><br>**Активност бр. 3**<br>Употреба на јазикот како средство за повеќе видови на артикулација во етидите.<br><br>**Активност бр. 4**<br>Слушање етиди<br><br>Метод на демонстрација,<br>монолошки метод,<br>дијалошки метод<br>метод на споредба,<br>метод на обиди и грешки. |

| Тема V - **Композиции со клавирска придружба** | | | |
|---|---|---|---|
| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
| Ученикот/ученичката:<br><br>- да ја објаснува содржината на композицијата;<br>-да го изедначува звукот и интонацијата на инструментот;<br>-да го демонстрира правилно нотниот текст на зададените композиции;<br>-да го презентира уметничкиот израз при интерпретацијата на музичкото дело;<br>-да ги разликува различните стилски карактеристики на зададените музички дела;<br>-да демонстрира прецизност при изведбата на зададените композиции. | Свирење на композиции | Корепетиција<br><br>Пијано | **Активност бр. 1**<br>Анализа на композицијата<br><br>**Активност бр. 2**<br>Користење на композиции со различен карактер.<br><br>**Активност бр. 3**<br>Проба со пијано придружба.<br><br>**Активност бр. 4**<br>Посета на концерти.<br><br>**Активност бр. 5**<br>Учество на концерти и натпревари.<br><br>Метод на демонстрација, монолошки метод, дијалошки метод<br>метод на споредба,<br>метод на обиди и грешки. |

| Наставен предмет - **ОБОА II одделение** | | | |
|---|---|---|---|
| Тема I - **ИНСТРУМЕНТ - правилно поставување на ученикот** | | | |
| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
| Ученикот/ученичката:<br><br>-да ги објаснува карактеристиките на обоата, нејзиниот историјат и употреба;<br>-да демонстрира правилно склопување и расклопување на обоата,<br>- да објаснува за одржување, чистење и употреба на инструментот;<br>- да демонстрира правилен начин на држење на инструментот;<br>- да покажува правилно стоње на двете нозе;<br>- да покажува како се поставуваат прстите на инструментот;<br>- да демонстрира правилно поставен агол на инструментот во однос на главата и телото;<br>-да демонстрира поставување на амбажурот на устата;<br>- да демонстрира поставување на горната и долната усна на писокот со обид за изговарање на буквата **М;** | - Запознавање со инструментот<br><br>- Држење на инструментот | Инструмент<br><br>Дијафрагма<br><br>Амбажур | **Активност бр.1**<br>Употреба на огледалото во наставата пр. ученикот се поставува пред големо огледало, за да може да добие појасна слика за поставеноста на рацете, главата и нозете, како и да биде во можност да ги воочува грешките.<br><br>**Активност бр. 2**<br>Употреба на ремен на половината, со цел ученикот да добие јасно чувство на затегнување на дијафрагмата при вдишувањето и олабавување при издишувањето на воздухот.<br><br>**Активност бр. 3**<br>Употреба на столче како помошно средство при вдишувањето, т.е. ученикот седнува на столчето, се наведнува напред со главата кон колениците седејќи и во таква положба вдишува воздух. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| -да се приспособува за правилна употреба на дијафрагмата. | - Употреба на дијафрагмата | | **Активност бр. 4**<br>Употреба на огледало во наставата, т.е. ученикот се поставува пред огледало, за да може да добие појасна слика за произведувањето на звукот, преку дување во писокот.<br><br>Метод на демонстрација,<br>монолошки метод,<br>дијалошки метод<br>метод на споредба,<br>метод на обиди и грешки. |
| Тема II - **Технички вежби** | | | |
| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
| Ученикот/ученичката:<br><br>-да се приспособува за техниката на свирење на инструментот;<br>- да се приспособува за контролата на дишењето;<br>-да ги препознава и употребува различните техники на артикулација на тонот (легато, стакато, портато, тенуто и др.);<br>-да демонстрира свирење на триолски движења и пунктирани ноти;<br>-да го идентификува чуството за метро-ритмичка пулсација и | - Тонски вежби<br><br>- Вежби | Артикулација<br><br>Стакато<br><br>Легато<br><br>Нотни вредности<br><br>Метрика | **Активност бр. 1**<br>Употреба на јазикот како средство за повеќе видови на артикулација.<br><br>**Активност бр. 2**<br>Користење на метроном.<br><br>Метод на демонстрација,<br>монолошки метод,<br>дијалошки метод<br>метод на споредба,<br>метод на обиди и грешки. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| темпо;<br>-да ги демонстрира дадените вежби во соодветно темпо;<br>-да демонстрира правилна интонација. | | | |
| **Тема III - СКАЛИ** | | | |
| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
| Ученикот/ученичката:<br>-да ги препознава тоновите во соодветни скали;<br><br>-да ги демонстрира скалите технички правилно;<br><br>-да презентира легато и портато;<br><br>-да ги демонстрира дадените скали напамет;<br><br>-да ги презентира трозвуците и четворозвуците на соодветните скали. | C-Dur / a-moll<br><br>G-Dur / e-moll<br><br>F-Dur / d-moll | Дурска скала<br><br>Молска скала | **Активност бр. 1**<br>Употреба на скалите во целиот опсег на обоата од ***б*** до ***Ц3.***<br><br>**Активност бр. 2**<br>Користење на скалите заедно со своите трозвуци и четворозвуци.<br><br>**Активност бр. 3**<br>Употреба на правилниот прсторед за одделни тонови во некои скали.<br><br>**Активност бр. 4**<br>Од молските скали се користат само хармонските молски скали.<br><br>Метод на демонстрација, монолошки метод, дијалошки метод метод на споредба. |

| Тема IV - **Етиди** | | | |
|---|---|---|---|
| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
| Ученикот/ученичката:<br><br>-да го демонстрира правилно нотниот текст на зададените етиди;<br>-да ја приспособува техниката на свирење на инструментот;<br>-да го приспособува звукот и интонацијата на инструментот;<br>- да ја приспособува контролата на дишењето;<br>- да ја приспособува синхронизацијата на прстите, јазикот и дишењето;<br>-да ги препознава и употребува различните техники на артикулација на тонот: легато, стакато, портато, тенуто и др.<br>-да ги демонстрира дадените етидите во соодветно темпо;<br>-да демонстрира правилна интонација;<br>-да ги демонстрира етидите напамет за развивање на музичката меморија. | - Етиди | Етиди<br><br>Артикулација<br><br>Стакато<br><br>Легато<br><br>Динамика<br><br>Темпо | **Активност бр. 1**<br>Користење на етиди со различен карактер.<br><br>**Активност бр. 2**<br>Користење на метроном.<br><br>**Активност бр. 3**<br>Употреба на јазикот како средство за повеќе видови на артикулација во етидите.<br><br>**Активност бр. 4**<br>Слушање етиди.<br><br>Метод на демонстрација, монолошки метод, дијалошки метод метод на споредба, метод на обиди и грешки. |

| Тема V - **Композиции со клавирска придружба** | | | |
|---|---|---|---|
| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
| Ученикот/ученичката:<br><br>- да ја објаснува содржината на композицијата<br>-да го изедначува звукот и интонацијата на инструментот;<br>-да го демонстрира правилно нотниот текст на зададените композиции;<br>-да го презентира уметничкиот израз при интерпретацијата на музичкото дело;<br>-да ги разликува различните стилски карактеристики на зададените музички дела;<br>-да демонстрира прецизност при изведбата на зададените композиции. | Свирење на композиции | Корепетиција<br><br>Пијано | **Активност бр. 1**<br>Анализа на композицијата<br><br>**Активност бр. 2**<br>Користење на композиции со различен карактер.<br><br>**Активност бр. 3**<br>Проба со пијаното придружба<br><br>**Активност бр. 4**<br>Посета на концерти.<br><br>**Активност бр. 5**<br>Учество на концерти и натпревари.<br><br>Метод на демонстрација, монолошки метод, дијалошки метод<br>метод на споредба,<br>метод на обиди и грешки. |

| Наставен предмет - **КЛАРИНЕТ II одделение** | | | |
|---|---|---|---|
| Тема I - **ИНСТРУМЕНТ - правилно поставување на ученикот** | | | |
| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
| Ученикот/ученичката:<br><br>-да ги објаснува карактеристиките на кларинетот, неговиот историјат и употреба;<br>-да демонстрира правилно склопување и расклопување на кларинетот;<br>- да објаснува за одржување, чистење и употреба на инструментот;<br>- да демонстрира правилен начин на држење на инструментот;<br>- да покажува правилно стоење на двете нозе;<br>- да покажува како се поставуваат прстите на инструментот;<br>- да демонстрира правилно поставен агол на инструментот во однос на главата и телото;<br>-да демонстрира поставување на амбажурот на устата;<br>- да демонстрира поставување на горната и долната усна на осникот со обид за изговарање на буквата **О;** | - Запознавање со инструментот<br><br>- Држење на инструментот | Инструмент<br><br>Дијафрагма<br><br>Амбажур | **Активност бр. 1**<br>Употреба на огледалото во наставата, пр. ученикот се поставува пред големо огледало за да може да добие појасна слика за поставеноста на рацете, главата и нозете, како и да биде во можност да ги воочува грешките.<br><br>**Активност бр. 2**<br>Употреба на ремен на половината, со цел ученикот да добие јасно чувство на затегнување на дијафрагмата при вдишувањето и олабавување при издишувањето на воздухот.<br><br>**Активност бр. 3**<br>Употреба на столче како помошно средство при вдишувањето, т.е. ученикот седнува на столчето, се наведнува напред со главата кон колениците седејќи и во таква положба вдишува воздух. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| - да се приспособува за правилна употреба на дијафрагмата. | - Употреба на дијафрагма | | **Активност бр. 4**<br>Употреба на огледало во наставата, т.е. ученикот се поставува пред огледало, за да може да добие појасна слика за произведувањето на звукот, преку дување во усникот.<br><br>Метод на демонстрација,<br>монолошки метод,<br>дијалошки метод<br>метод на споредба,<br>метод на обиди и грешки. |
| Тема II - **Технички вежби** | | | |
| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
| Ученикот/ученичката:<br><br>- да се приспособува за техниката на свирење на инструментот;<br>- да се приспособува за контролата на дишењето;<br>- да ги препознава и употребува различните техники на артикулација на тонот (легато, стакато, портато, тенуто и др.);<br>- да демонстрира свирење на триолски движења и пунктирани ноти;<br>- да го идентификува чувството за метро-ритмичка пулсација и темпо; | - Тонски вежби<br><br>- Вежби | Артикулација<br><br>Стакато<br><br>Легато<br><br>Нотни вредности<br><br>Метрика | **Активност бр. 1**<br>Употреба на јазикот како средство за повеќе видови на артикулација.<br><br>**Активност бр. 2**<br>Користење на метроном.<br><br>Метод на демонстрација,<br>монолошки метод,<br>дијалошки метод<br>метод на споредба,<br>метод на обиди и грешки. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| -да ги демонстрира дадените вежби во соодветно темпо;<br>-да демонстрира правилна интонација. | | | |
| Тема III - **СКАЛИ** | | | |
| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
| Ученикот/ученичката:<br>-да ги препознава тоновите во соодветни скали;<br><br>-да ги демонстрира скалите технички правилно;<br><br>-да презентира легато и портато;<br><br>-да ги демонстрира дадените скали напамет;<br><br>-да ги презентира трозвуците и четворозвуците на соодветните скали. | C-Dur / a-moll<br><br>G-Dur / e-moll<br><br>F-Dur / d-moll | Дурска скала<br><br>Молска скала | **Активност бр. 1**<br>Употреба на скалите во целиот опсег на кларинетот од ***e*** до ***G3.***<br><br>**Активност бр. 2**<br>Користење на скалите заедно со своите трозвуци и четворозвуци.<br><br>**Активност бр. 3**<br>Употреба на правилниот прсторед за одделни тонови во некои скали.<br><br>**Активност бр. 4**<br>Од молските скали се користат само хармонските молски скали.<br><br>Метод на демонстрација, монолошки метод, дијалошки метод метод на споредба. |

| Тема IV - **Етиди** | | | |
|---|---|---|---|
| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
| Ученикот/ученичката:<br><br>-да го демонстрира правилно нотниот текст на зададените етиди;<br>-да ја приспособува техниката на свирење на инструментот;<br>-да го приспособува звукот и интонацијата на инструментот;<br>- да ја приспособува контролата на дишењето;<br>- да ја приспособува синхронизацијата на прстите, јазикот и дишењето;<br>-да ги препознава и употребува различните техники на артикулација на тонот: легато, стакато, портато, тенуто и др.<br>-да ги демонстрира дадените етиди во соодветно темпо;<br>-да демонстрира правилна интонација;<br>-да ги демонстрира етидите напамет за развивање на музичката меморија. | - Етиди | Етиди<br><br>Артикулација<br><br>Стакато<br><br>Легато<br><br>Динамика<br><br>Темпо | **Активност бр. 1**<br>Користење на етиди со различен карактер.<br><br>**Активност бр. 2**<br>Користење на метроном.<br><br>**Активност бр. 3**<br>Употреба на јазикот како средство за повеќе видови на артикулација во етидите.<br><br>**Активност бр. 4**<br>Слушање етиди<br><br>Метод на демонстрација, монолошки метод, дијалошки метод<br>метод на споредба,<br>метод на обиди и грешки. |

| Тема V - **Композиции со клавирска придружба** | | | |
|---|---|---|---|
| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
| Ученикот/ученичката:<br><br>- да ја објаснува содржината на композицијата<br>-да го изедначува звукот и интонацијата на инструментот;<br>-да го демонстрира правилно нотниот текст на зададените композиции;<br>-да го презентира уметничкиот израз при интерпретацијата на музичкото дело;<br>-да ги разликува различните стилски карактеристики на зададените музички дела;<br>-да демонстрира прецизност при изведбата на зададените композиции. | Свирење на композиции | Корепетиција<br><br>Пијано | **Активност бр. 1**<br>Анализа на композицијата<br><br>**Активност бр. 2**<br>Користење на композиции со различен карактер.<br><br>**Активност бр. 3**<br>Проба со пијаното придружба<br><br>**Активност бр. 4**<br>Посета на концерти.<br><br>**Активност бр. 5**<br>Учество на концерти и натпревари.<br><br>Метод на демонстрација, монолошки метод, дијалошки метод метод на споредба, метод на обиди и грешки. |

| Наставен предмет - **САКСОФОН - II одделение** | | | |
|---|---|---|---|
| Тема I - **ИНСТРУМЕНТ - правилно поставување на ученикот** | | | |
| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
| Ученикот/ученичката:<br><br>-да ги објаснува карактеристиките на саксофонот, неговиот историјат и употреба;<br>-да демонстрира правилно склопување и расклопување на саксофонот,<br>- да објаснува за одржување, чистење и употреба на инструментот;<br>- да демонстрира правилен начин на држење на инструментот;<br>- да покажува правилно стоење на двете нозе;<br>- да покажува како се поставуваат прстите на инструментот;<br>- да демонстрира правилно поставен агол на инструментот во однос на главата и телото;<br>-да демонстрира поставување на амбажурот на устата;<br>- да демонстрира поставување на горната и долната усна на усникот со обид за изговарање на буквата **О;** | - Запознавање со инструментот<br><br>- Држење на инструментот | Инструмент<br><br>Дијафрагма<br><br>Амбажур | **Активност бр.1**<br>Употреба на огледало во наставата, пр. ученикот се поставува пред големо огледало, за да може да добие појасна слика за поставеноста на рацете, главата и нозете, како и да биде во можност да ги воочува грешките.<br><br>**Активност бр. 2**<br>Употреба на ремен на половината, со цел ученикот да добие јасно чувство на затегнување на дијафрагмата при вдишувањето и олабавување при издишувањето на воздухот.<br><br>**Активност бр. 3**<br>Употреба на столче како помошно средство при вдишувањето, т.е. ученикот седнува на столчето, се наведнува напред со главата кон колениците седејќи и во таква положба вдишува воздух. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| -да се приспособува за правилна употреба на дијафрагмата. | - Употреба на дијафрагмата | | **Активност бр. 4**<br>Употреба на огледало во наставата т.е. ученикот се поставува пред огледало, за да може да добие појасна слика за произведувањето на звукот, преку дување во усникот.<br><br>Метод на демонстрација,<br>монолошки метод,<br>дијалошки метод<br>метод на споредба,<br>метод на обиди и грешки. |
| Тема II - **Технички вежби** | | | |
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ученичката:<br><br>-да се приспособува за техниката на свирење на инструментот;<br>- да се приспособува за контролата на дишењето;<br>-да ги препознава и употребува различните техники на артикулација на тонот (легато, стакато, портато, тенуто и др.);<br>-да демонстрира свирење на триолски движења и пунктирани ноти;<br>-да го идентификува чувството за метро-ритмичка пулсација и темпо; | - Тонски вежби<br><br>- Вежби | Артикулација<br><br>Стакато<br><br>Легато<br><br>Нотни вредности<br><br>Метрика | **Активност бр. 1**<br>Употреба на јазикот како средство за повеќе видови на артикулација.<br><br>**Активност бр. 2**<br>Користење на метроном<br><br>Метод на демонстрација,<br>монолошки метод,<br>дијалошки метод<br>метод на споредба,<br>метод на обиди и грешки. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| -да ги демонстрира дадените вежби во соодветно темпо;<br>-да демонстрира правилна интонација. | | | |
| Тема III - **СКАЛИ** | | | |
| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
| Ученикот/ученичката:<br>-да ги препознава тоновите во соодветни скали;<br><br>-да ги демонстрира скалите технички правилно;<br><br>-да презентира легато и портато;<br><br>-да ги демонстрира дадените скали напамет;<br><br>-да ги презентира трозвуците и четворозвуците на соодветните скали. | C-Dur / a-moll<br><br>G-Dur / e-moll<br><br>F-Dur / d-moll | Дурска скала<br><br>Молска скала | **Активност бр. 1**<br>Употреба на скалите во целиот опсег на саксофонот од ***б*** до ***Ф3***.<br><br>**Активност бр. 2**<br>Користење на скалите заедно со своите трозвуци и четворозвуци.<br><br>**Активност бр. 3**<br>Употреба на правилниот прсторед за одделни тонови во некои скали.<br><br>**Активност бр. 4**<br>Од молските скали се користат само хармонските молски скали.<br><br>Метод на демонстрација, монолошки метод, дијалошки метод<br>метод на споредба. |

| Тема IV - **Етиди** | | | |
|---|---|---|---|
| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
| Ученикот/ученичката:<br><br>-да го демонстрира правилно нотниот текст на зададените етиди;<br>-да ја приспособува техниката на свирење на инструментот;<br>-да го приспособува звукот и интонацијата на инструментот;<br>- да ја приспособува контролата на дишењето;<br>- да ја приспособува синхронизацијата на прстите, јазикот и дишењето;<br>-да ги препознава и употребува различните техники на артикулација на тонот: легато, стакато, портато, тенуто и др.;<br>-да ги демонстрира дадените етиди во соодветно темпо;<br>-да демонстрира правилна интонација;<br>-да ги демонстрира етидите напамет за развивање на музичката меморија. | - етиди | Етиди<br><br>Артикулација<br><br>Стакато<br><br>Легато<br><br>Динамика<br><br>Темпо | **Активност бр. 1**<br>Користење на етиди со различен карактер.<br><br>**Активност бр. 2**<br>Користење на метроном.<br><br>**Активност бр. 3**<br>Употреба на јазикот како средство за повеќе видови на артикулација во етидите.<br><br>**Активност бр. 4**<br>Слушање етиди<br><br>Метод на демонстрација, монолошки метод, дијалошки метод<br>метод на споредба,<br>метод на обиди и грешки. |

| Тема V - **Композиции со клавирска придружба** | | | |
|---|---|---|---|
| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
| Ученикот/ученичката:<br><br>- да ја објаснува содржината на композицијата;<br>-да го изедначува звукот и интонацијата на инструментот;<br>-да го демонстрира правилно нотниот текст на зададените композиции;<br>-да го презентира уметничкиот израз при интерпретацијата на музичкото дело;<br>-да ги разликува различните стилски карактеристики на зададените музички дела;<br>-да демонстрира прецизност при изведбата на зададените композиции. | Свирење на композиции | Корепетиција<br><br>Пијано | **Активност бр. 1**<br>Анализа на композицијата<br><br>**Активност бр. 2**<br>Користење на композиции со различен карактер.<br><br>**Активност бр. 3**<br>Проба со пијано придружба.<br><br>**Активност бр. 4**<br>Посета на концерти.<br><br>**Активност бр.5**<br>Учество на концерти и натпревари.<br><br>Метод на демонстрација, монолошки метод, дијалошки метод<br>метод на споредба,<br>метод на обиди и грешки. |

## 5. ДИДАКТИЧКИ ПРЕПОРАКИ

Со оглед на возраста на учениците, часовите по флејта, обоа, кларинет и саксофон треба да вклучуваат различни видови на музички активности.

Се препорачува слушање музика во изведба на наставникот (примери од класична музика, композиции за деца од типот на „Детски албуми", музика од други стилови и жанрови) и снимена, за воочување на нејзиниот карактер и изразните средства, како и за доживување и совладување на наставните содржини.

Учениците треба да се навикнуваат на свирење по ноти со почитување на сите ознаки (темпо, динамика), со израз и правилно фразирање со чувствување на ритамот.

За посликовито претставување на висината на тоновите и нивното попрецизно интонирање да се применува пеење на нотниот текст.

Се препорачува посета на концерти низ целата учебна година, како и слушање на разновидна музика, а особено на композициите кои ќе се исполнуваат.

- *Препораки за користење на годишниот фонд на часови* (ориентационо планирање на наставните часови по наставни теми и целини):
  - тема I - **Запознавање со инструментот** - 5 часа;
  - тема II - **Скали** - 12 часа;
  - тема III - **Технички вежби** - 30 часа;
  - тема IV - **Етиди** - 15 часа;
  - тема V - **Композиции со клавирска придружба -** 10 часа;

- *Наставни средства:*
  - инструмент;
  - писок(трски);
  - учебници по избор на наставникот;
  - посета на концерти и други музички манифестации;
  - Интернет, образовни софтвери;
  - списанија;
  - аудио-визуелни средства.

**Користена литература (препорака):**
**Инструмент: ФЛЕЈТА**
Т. Табака - почетна книга II
М. Мојсе - тонски вежби
Г. Гарибалди - кратки етиди

**Композиции со клавирска придружба:**
Г. В.Глук-Анданте
Г. Ф.Хендл-Менуети
Ј. Хајдн-Менуети
В. А.Моцарт-Пиеси

**Инструмент: ОБОА**

Peter Veale - The Techniques of Oboe playing
BANDFOLIO - Band Method Book 1 OBOE

**Композиции со клавирска придружба:**
Saint-Saens: Le Carnaval des Animaux: Le Cygne – duo for oboe and piano
Tchaikovsky: Theme from Swan Lake: Op. 20a – duo for oboe and piano
Purcell: Lilliburlero: duo for oboe and piano

**Инструмент: КЛАРИНЕТ**

Бруно Брун: книга I
С.В.Розанов: Технички етиди Книга I
Р.Кицер: Книга I

**Композиции со клавирска придружба:**
Drugovic-Hrasovec - Мали композиции со клавирска придружба
B.Brun - Мали композиции
V.A.Mocart - Menuett

**Инструмент : САКСОФОН**

Claude Delangle - Methode De Saxophone (ed. Henry Lemoine)
N. W. Hovey - Elementary method Saxophone (ed. Rubank)
Serge Bichon - Jouez Du Saxophone (ed. Henry Lemoine)

**Композиции со клавирска придружба:**
Claude Delangle - Methode De Saxophone од 62 стр. (ed. Henry Lemoine)
M. Meriot / H. Classens - Le Saxophone Clasique A
J.S. Bach - Menuett
W. Hartman - Cantabile
E. Bozza - Chanson a Berger

## 6. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

Во текот на наставата редовно се следат и вреднуваат постигањата на учениците, се прибираат показатели за нивните активности, мотивираноста за музичко изразување, ангажираноста на учениците, посветеноста во работата, како и тимската работа.

При следењето на постигањата на учениците, наставникот треба особено да внимава кон индивидуалниот пристап во постигањата на секое поединечно дете.

Во текот на наставата редовно се следи развојот на секој ученик. На крајот од годината се организира јавен час отворен за родителите и другите наставници на кој учениците би имале можност да ги претстават активностите застапени во текот на учебната година и своите постигања.

На крајот на учебната година ученикот полага испит со следнава програма:

**Скали: Две скали (дурска и молска)**
**Етиди: 2 етиди од наведената литература, со различен карактер (една мелодиска, една техничка)**
**- Оценувањето е описно со краток опис.**

## 7. ПРОСТОРНИ УСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗИРАЊЕ НА НАСТАВНИТЕ ПРОГРАМИ

Целите и задачите на наставните предмети флејта, обоа, кларинет и саксофон ќе се реализираат во кабинети за индивидуална настава, опремени со потребните наставни и нагледни средства, според нормативот за музичкото училиште.

## 8. НОРМАТИВ ЗА НАСТАВЕН КАДАР

Воспитно-образовната работа во втора година може да ја изведува лице кое завршило:
- факултет за музичка уметност, студиска програма флејта и стекнат назив дипломиран флејтист;
- факултет за музичка уметност, студиска програма обоа и стекнат назив дипломиран обоист;
- факултет за музичка уметност, студиска програма кларинет и стекнат назив дипломиран кларинетист;
- факултет за музичка уметност, студиска програма саксофон и стекнат назив дипломиран саксофонист.

Наставникот треба да има стекнато педагошко-психолошка и методска подготовка и положен стручен испит.

## ПОТПИС И ДАТУМ НА УТВРДУВАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Наставната програма флејта, обоа, кларинет и саксофон за второ одделение на шестгодишното основно музичко образование, на предлог на Бирото за развој на образованието, ја утврди

Министер

_______________________

Никола Тодоров

_______________2009 година

Скопје

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Бр. 10-3261/3
20-10-2009 200__ год.
СКОПЈЕ